**1301.**

Врз основа на член 68 став (3) од Законот за минерални суровини (*) („Службен весник на Репубика Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр.99/22, 129/23, 253/23 и 147/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 март 2025 година, донесе

**У Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД НА ИЗВЕДЕНИТЕ РУДАРСКИ ОБЈЕКТИ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД**

Член 1

Во Уредбата за начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.115/22) во член 3 во ставот (1) зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 2

Во член 4 зборовите „министерот за економија“ се заменуваат со зборовите „министерот за енергетика, рударство и минерални суровини“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-2785/5
18 март 2025 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

---

**1302.**

Врз основа на член 13 став (1) од Законот за консолидација на земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13, 61/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 март 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ СО РАСПРЕДЕЛБА СО ПРОМЕНА НА ГРАНИЦИТЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ ПАРЦЕЛИ ПРЕТЕЖНО ВО КАТАСТАРСКА ОПШТИНА ЧИФЛИК, ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО**

Член 1

Во Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба со промена на границите на катастарските парцели претежно во катастарска општина Чифлик, Општина Чешиново – Облешево („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/23 и 215/24), членот 3 се менува и гласи:

„Земјоделското земјиште кое влегува во консолидационото подрачје во вкупна површина од 1.557.778м2 е со следните катастарски индикации: